ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
„Светозар Марковиќ“ 1, 2320 Делчево
Тел./Факс: +389(0)33 411 550
e-mail: info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

## за учество на натпревар во косење трева со рачна коса

Општина Делчево ги поканува сите заинтересирани граѓани, љубители на традицијата и вештините на рачното косење да учествуваат на **Натпревар во косење трева со рачна коса**, кој ќе се одржи на:

**Датум:** 4 август (вторник) 2026 година
**Организатор:** Општина Делчево

Целта на настанот е да се избере највештиот косач на трева и да се зачува и промовира традиционалниот начин на косење, да се негуваат старите занаети и да се поттикне дружење и натпреварувачки дух.

Право на учество имаат сите полнолетни лица кои поседуваат вештини за косење со рачна коса и ќе се придржуваат кон следните правила на натпреварот:

- Секој натпреварувач настапува со своја рачна коса,
- Натпреварот ќе се одвива според однапред утврдени правила и временски ограничувања,
- Стручна комисија ќе ги оценува брзината, квалитетот и уредноста на косењето.

Точната локација на одржување на натпреварот ќе биде објавена дополнително.

За најдобриот косач е обезбедена награда: **Прво место – рачна коса.**

Заинтересираните кандидати можат да се пријават најдоцна до **31 јули**, во просториите на Општина Делчево или преку лицето за контакт Кирчо Анастасов-тел.079 329 300.

Ги повикуваме сите љубители на традицијата да бидат дел од овој настан и заедно да придонесеме за зачувување на македонското културно наследство.

**Општина Делчево**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски**

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник

„Светозар Марковиќ“ **1, 2320** Делчево
Тел./Факс**: +389(0)33 411 550**
e-**mail: info@delcevo.gov.mk**
***www.delcevo.gov.mk***

# ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО
## Натпревар во косење трева со рачна коса

**Датум на одржување:** 4 август
**Место на одржување:** Ќе биде објавено дополнително.

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
**Име и презиме:** ________________________________________________
**Датум на раѓање:** _______________________________________________
**Адреса на живеење:** _____________________________________________
**Општина/Град:** _________________________________________________
**Телефон:** _____________________________________________________
**Е-пошта:** _____________________________________________________

**ИЗЈАВА**

Со оваа пријава доброволно се пријавувам за учество на Натпреварот во косење трева со рачна коса, организиран од Општина Делчево.
Изјавувам дека:

- ќе ги почитувам правилата на натпреварот;
- ќе настапам на сопствена одговорност;
- ќе ги почитувам одлуките на организаторот и стручната комисија;
- сум согласен/согласна моите лични податоци да бидат обработувани исклучиво за потребите на организацијата и реализацијата на натпреварот, во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци.

Место: ___________________________
Датум: ___________________________
Потпис на учесникот:______________